20 мин	Да им се објасни на учесниците дека една од основните причини дека безбедноста на децата е компромитрана е тоа да се биде одвоен/разделен. Ова често е предизвикано од начинот како се организирани службите или случајно. Во поголеми групи да се дадат цврсти идеи како децата можат да се раздвојат преку начинот на кој се однесуваат вработените/ или се одбираат службите. Користејќи ја брошурата 7 како водич, потенцирајте зошто е најважно да се избегне важно е и да се дискутира за улогата на агенциите во обезбедување семејствата да бидат заедно и клучните пораки дека сите вработени можат да обезбетат на децата и родителите на не бидат разделени.	Материјал/брошура 7	

Блок Д : заштита на децата			
тајминзи	**инструкции**	**Специфични извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
15 мин	Објаснете дека тема која често се споменува е само потреба да се обезбеди емоционална поддршка / психолошко советување- како и да е еден од принципите на хуманитарната помош е концептот **да не се наштети**. Со оглед на тоа дека учесниците имаат лимитирано време за работа со семејствата се покренува прашањето дали да се интевенира длабоко во однос на обезбедување на психолошка поддршка. Како и да е емоционалната поддршка е потребна. Во мали групи дискутирајте **како можеме да им помогнеме на семејствата и психолошкото и емоционално добро на децата без да предизвикаме штета?**	Tdh материјал /брошура PFA на насока на тренерите	*Забележете – ова е само опфатено воглавно тука за да ја подигне свеста. Изборен дополнителен модул на ППП е развиен кој што ја истражува ППП во длабочина.* Ако е тренерите може да ја користат брошурата на ПППсоставена од Tdh како теференца за да ја олесни дискусијата (вклучено во предговорот). Важно е да се потенцира дека ППП ја опфаќа суштината на хуманитарна работа – почитување на правата на луѓето, третирање на луѓето со почит и среќавање со нивните основни потреби.
5 мин	Завршни поенти/ размислувања – за блокот Д		

Алтернатива Д			
Забележете дека оваа сесија може да се користи ако тренингот обуката се одржува на терен.			
20 мин	Објаснете им на учасниците дека заштитата е комбинација на нивните сопствени навики и однесувања исто како и околината и начинот на кој се наоѓаат службите кои се обезбедени што може да предизвика ризик за децата. Во парови / тројки учесниците треба да се движат наоколу 10 мин.за размислување. 1. Каде се лоцирани ситуациите/ грижите кои можат ја зголемат заштитата на децата / безбедноста на децата? 2. Што тие можат да сторат при нивната улога за бидеме сигурни дека го намалиле ризикот. Фитбек и дискусија во големите групи помогнати од тренерите и истражување во што можат да се вклучат индивидуалците(на пр. Нешто што можат да го сторат сами или со некој друг.		Учесниците треба да одат наоколу 10 мин и да се вратат со забелешки. Ако е потребно прашувајте ги учесниците со давање забелешки : на пр. Осигурајте се дека нема да ги раздвојат децата, во однос на загриженоста, одлука да се водат децата по патишта на кои може да бидат изложени на опасност(на пр.кога одите на кафе, минување низ санитарните области /тоалети, спиење во бунгалови итн), предизвик за посетителите / она што работниците не го виделе досега итн.

Брошури, вежби и студии на случајот - Србија и БЈРМ

Овие материјали секористат во сите четири блокови, и се наведени во плановите на сесијата. **Ве молиме да забележите дека бидејќи материјалите се исти само еден сет е вклучен за да се избегне дуплирањето затоа проверете дали референцата на земјата е точна !**

МАТЕРИЈАЛ/БРОШУРА 1 – ***Совети за работа со луѓе од различни култури***

- **Присуствувајте на практичните теми и обезбедете ги основните потреби на луѓето** – храна, облека и слично – тоа може да биде корисен и конкретен начин на ангажирање на нудење помош и развој на взаемна доверба со луѓето од различни култури.
- **Размислете внимателно за начинот на кој го користите говорот на телото, тоналитетот на гласот и слично,** На пример, потрудете се да не изгледате непопустливо и непријателски расположени. Немојте да стоите наоколу во поголеми групи, затоа што во тој случај на луѓето ќе им биде потешко да ви пријдат и да ви се обратат. Запомнете дека во многу култури физичкиот контакт помеѓу маж и жена кои не се поврзани се смета за несоодветен. Исто така размислете дека облекувањето и изгледот може да бидат погрешно протолкувани.
- **Уверете се дека се поставени разни знаци на локалните јазици со дополнителни слики.** Поставувањето слики (на пример од делови од облека, храна, автобуси и слично) може да помогне во комуникацијата со луѓето кога се јавуваат јазични проблеми и кога немате на располагање соодветен преведувач.
- **Обрнете внимание за социјалниот поредок**. Честопати е важно да се идентификуваме со луѓето кои се клучни во групата кои што треба да се консултираме и да присуствуваме на прво место за и другите членови да говорат. На пример постара жена или маж лидер - (глава на семејтвото).
- **Работете заедно со преведувачите** – Немојте од нив да барате само да пренесуваат пораки и упатства, туку бидете постојано покрај нив за да бидете и вие вклучени во дискусијата. На тој начин се воспоставува подобар однос со луѓето и се гради взаемна доверба. Преведувачите треба секогаш да бидат вклучени во тренингот/ обуката.
- **Бидете проактивни** – немојте постојано да чекате луѓето самите да ви се обратат и да побараат помош.
- **Запомнете дека луѓето што се различни (од вас како хуманитарни работници) не се секогаш исти (ако меѓусебно се споредат) –** немојте да претпоставувате дека сите луѓе од "иста" земја, семејство или локална култура ги следат истите правила на однесување и имаат исти приоритети итн. Секогаш прашајте ги луѓето што им треба и почитувајте ги нивните барања и избор.
- **Подобро правете се "смотани" отколку "паметни"** – иако можеби сте загрижени дека можеби ќе вознемирите или навредите некое дете или семејство поради тоа што не ги разбирате, секогаш е подобро да прашате за сè, наместо да покажувате игнорантен однос кон значењето на нештата. Прашањата како на пример: "Дали можете да ми помогнете да разберам зошто ова е важно за вас?", всушност можат да помогнат за градење на еден позитивен работен однос со луѓето со различно културно / етничко потекло, затоа што таквите прашања остават впечаток дека се обидувате да ги разберете, а не да им судите.
- **Запомнете дека културните разлики** ***никогаш не смеат*** **да се користат како оправдување за злоупотреба –** немојте автоматски да **претпоставувате** дека одреден начин на однесување е општо прифатена културолошка пракса, па како таков и да го прифатите или дозволите. Доколку не сте сигурни за што станува збор, побарајте совет од вашите соработници, претпоставени или од претставниците на специјализираните агенции за работа со деца.
- **Работете на отворен и транспарентен начин –** ако не сте сигурни, прашајте! За вашите идеи, претпоставки и предизвици разговарајте со вашите колеги и раководители, за да тие ви помогнат и поддржат во работата,

МАТЕРИЈАЛ /БРОШУРА 2 – ***Детска заштита во контекст на бегалската криза***

Глобалната на заштита на децата во вонредни ситуации / хуманитарниот контекст како што е дефиниран како Работна Група за Глобална Заштита на децата (главна интеграција глобално координаторно тело www.cpwg.net) ја дефинира заштитата на децата како:

„превенција од и одговор на злоставување, занемарување, експлоатацијаи насилство против децата„

На меѓународно ниво, постојат четири категории на злоупотреба:

Физичка злоупотреба: Нанесување физички повреди врз децата – на пример, преку удирање, горење и слично.

Емоционална злоупотреба: Постојано лошо емоционално постапување со детето, кое предизвикува сериозни и долготрајни последици врз понатамошниот развој на детето – на пример, доколку некој постојано му вели на детето дека е бескорисно или глупаво.

Сексуална злоупотреба: Тоа подразбира наведување или присилување на деца да земат учество во сексуални активности, при што, тотално е неважно дали детето дало своја согласност или не. Истото вклучува различни физички акти на сексуална злоупотреба како што е силувањето, како и акти без физички елемент, како на пример сексуално вознемирување или вклучување на децата во порнографски активности од било кој вид.

Занемарување: Ситуации во кои на детето не му се исполнуваат основните физички и/или психолошки потреби – а кога родителот е способен истото да го стори – што во голема мерка може да доведе до сериозни нарушувања во развојот на детето.

Експлоатација: Злоупотреба на дете во корист на другите, или во друг случај или вид. На пример, домашната работа или детска проституција

Останатите видови злоупотреба, кои исто така се идентификувани како такви, како на пример **искористувањето, трговијата со луѓе и родово заснованото насилство (РЗН)** можат да бидат разбрани како сложени форми на различни комбинации од погоре споменатите четири основни категории на злоупотреба.

Дискриминацијата не е форма на злоставување, но може да има драматични последици за децата како што ефектот од дискриминацијата може да го стави детето во зголемен ризик или може да значи дека тие се поранливи на злоставување, запоставување или експлоатација. На пример децата од малцинствата, како и тие со хендикеп можеби нема да бидат во можност да пристапат до службите што ги прави помалку заштитени.

БРОШУРА 3 – *Клучни прашања поврзани со злоупотребата и искористувањето во вонредни состојби*

За време на вонредните состојби доаѓа до зголемен степен на злоупотреба и искористување од следниве причини:

- Децата можат да бидат одвоени од нивните семејства и како резултат на тоа да бидат многу поранливи или изложени на ризик.

- Се зголемува сиромаштијата во рамки на домаќинството –семејствата не можат да ги задоволат своите основни потреби и затоа може да се бара од децата да заработуваат и да даваат свој придонес во исхранувањето на семејството, на пример, преку различни начини на нивно искористување.

- Постоењето на конфликти и раселеноста на луѓето можат да бидат причина за нарушување и непочитување на семејните вредности кои инаку, во "нормална" ситуација, би ги штителе децата од евентуална злоупотреба или искористување – истовремено, традиционалните системи за заштита или воопшто повеќе не постојат или не функционираат или пак се многу ослабени.

- Семејствата можат да се најдат под поголем притисок и токму насилството врз децата може да послужи како отпусен вентил за намалување на насобраните фрустрации.

- Како резултат на сето горе наведено, децата можат да немаат безбедно засолниште и како резултат на тоа, можат да станат поранливи и изложени на ризик од евентуална сексуална злоупотреба.

- Децата можат да се најдат во центарот на насилствата и да настрадаат –на пример, за време на различни протести, или пак во центрите за дистрибуција на храна и помошили на било кое друго место каде има многу народ и/или побарувања за најразлични услуги.

БРОШУРА 4 – *Ризик и ранливост*

Зборовите **РИЗИК** и **РАНЛИВОСТ** означуваат две различни нешта кои се меѓусебно силно поврзани. Понекогаш ги користиме како даимаат исто значење, меѓутоа, тоа е погрешно.

РАНЛИВОСТА ги означува карактеристиките на една личност и околностите во кои таа се наоѓа, поради кои личноста може да биде изложена на опасност и наштетувања.

РИЗИКОТ е поврзан со самата природа на наштетувањето и веројатноста дека може да дојде до некаква штета или повреда. Тука се земаат предвид и сите околности што нудат одредена заштита.

На пример:

Едно дете со попреченост во развојот може да биде многу ранливо во однос на можна злоупотреба, меѓутоа, доколку детето има семејство што го сака и се грижи за него и добра мрежа за поддршка, тогаш значи дека детето е изложено на мал ризик.

Едно дете кое живее заедно со семејството и оди на училиште може да не се смета за ранливо, меѓутоа, ако татко му е пијаница и се однесува насилно кон него, тогаш детето е изложено на висок ризик од евентуална злоупотреба или занемарување.

Токму затоа, тр еба да се размислува поединечно за децата и нивните искуства, наместо да се води сметка само за категоријата на која децата припаѓаат. Особено е важно да се посвети доволно внимание на децата што се изложени на висок ризик.



Брошура МАТЕРИЈАЛ 5 – *Моментална идентификација на причините за загриженост / знаци на предупредување*

Внимавајте на појавата на било кој од следниве индикатори, затоа што истите можат да укажуваат на дете во ризик, кое треба да биде заштитено.

1. Во секоја ситуација каде сметате дека постојат знаци или пак има пријава за физичка или сексуална злоупотреба (на пример модринки, инфекции и слично)

2. Кога ви се чини дека децата всушност се плашат од родителите или другите возрасни лица со кои патуваат

3. Деца кои патуваат сами или во групи, меѓутоа, без придружба од возрасни лица

4. Деца кои патуваат со возрасни лица со кои не се во роднинска врска и деца без родители или законски старател

5. Кога гледате родители што не се воопшто загрижени и не знаат каде се нивните деца и не се грижат за нивната благосостојба

6. Деца што се гладни или без соодветна облека – а родителите не бараат да им се помогне

7. Деца што не се чувствуваат добро или се болни, а родителот одбива медицинска помош

8. Родители што се физички или вербално агресивни кон децата – особено доколку децата се на мала возраст

9. Доколку детето само побара да биде одвоено од семејството

10. Доколку детето изјави дека е несреќно и незадоволно / или дека со него лошо се постапува

Во Овие случаи, треба да се консултирате со поспецијализирана детска организација/ направете извештај така што да може да се направи подетална проценка на детето.

БРОШУРА /МАТЕРИЈАЛ 6 – *Дефиниција за Заштита на децата*

“Под терминот заштита на децата ја подразбираме одговорноста што ја имаат организациите, да се уверат дека нивните вработени, активности и програми нема да предизвикаат никаква штета за децата, односно, дека децата нема да бидат изложени на никаков ризик од евентуална повреда и злоупотреба и дека за било која загриженост што организацијата може да ја има во однос на безбедноста на децата во заедниците во кои таа работи, организацијата соодветно и навремено ќе ги информира надлежните власти”

Од коалиција за Гарантирање на Безбедноста на децата (www.keepingchildrensafe.org.uk)

Забележете во овој контекст дека повредата и злоставувањето се користени во однос на злоставување, запоставување и насилство како што е наведено во дефиницијата за заштита на децата од Работната Група за Заштита на Децата (вклучено во брошура 2)

Заштитата на Децата може да биде гледана главно како превентивна акција. Во итни ситуации настрана од тоа да биде обезбедено вработените и волонтерите кои се потребни да се соодветни за работа со деца и сиидветно надгледувани, една од најголемите грижи на заштитата на децата за организациите е да се избрегне раздвојувањето.

БРОШУРА 7 - ***Спречување на одвојувањето на децата***

Одвојувањето на децата од нивните родители / старатели треба секогаш да се избегнува поради следново:

- Доколку децата не се во нивното нормално семејно опкружување, тогаш не може да се очекува дека ќе им биде обезбедена подеднаква и соодветна грижа каква што заслужуваат
- Одвоените деца кои минале низ трауматични искуства може да не ја добијат потребната поддршка за надминување на истите
- Одвоените деца се поранливи и изложени на евентуална злоупотреба и искористување, затоа што немаат заштита од нивните родители или лицата кои вообичаено би се грижеле за нив

До одвојување на децата може да дојде поради или како резултат на:

- Смрт на родителите или лицата кои вообичаено се грижат за нив
- Случајно одвојување – на пример на контролни точки / премини или при качување на воз
- Напуштање од страна на самите родители, кои не можат да се справат со големиот број деца
- Деца кои самите одлучиле да заминат и избегаат поради нарушените семејни односи или насилни родители
- Несоодветна грижа од страна на агенциите ангажирани за постапување во вонредни ситуации
- Отсуство на напори за моментално враќање на децата на родителите или на лицата кои вообичаено се грижат за нив, од страна на претставниците на различните агенции ангажирани за постапување во вонредни ситуации
- Трговија со луѓе

Можни начини за спречување на одвојувањето / пораки до родителите:

Совети за родителите:

- Договорете зборно место во случај на одвојување на членовите на семејството
- Научете ги децата како да си го кажат целото име и презиме и адреса за да можат побргу да се спојат со нивните семејства
- Дајте им на децата едно ливче / картичка со телефонски број за контакт
- Кажете им на децата каков е планот за тој ден – особено ако мислите да патувате
- Постојано бидете информирани за точната локација на децата и кажувајте им каде точно треба да одат
- Совети за хуманитарните работници:
- Уверете се дека сите родители се информирани и ги знаат советите за избегнување на одвојувањето

РАБОТЕН МАТЕРИЈАЛ 8–*Изнемоштеност и стрес меѓу вработените и доброволците*

Изнемоштеноста и стресот можат да предизвикаат сериозни последици врз душевното и физичкото здравје на теренските работници. Истото може да има и негативен ефект врз другите колеги, затоа што работниците што се изнемоштени и под стрес не се во состојба да пружат соодветна поддршка на останатите свои колеги. Изнемоштеноста и стресот можат да имаат негативно влијание и директно врз децата, затоа што во тој случај, теренските работници не можат да обезбедат доволна заштита и сигурност за нив.

Секундарната траума ги означува ефектите што приказните за страдањата на останатите ги имаат врз самите теренски работници. Како и во случајот на изнемоштеноста и стресот, доколку секундарното страдање не биде соодветно идентификувано и не се преземат соодветни мерки за намалување на истото, тоа може да предизвика многу сериозни последици.

Индикатори за присуство на изнемоштеност и стрес

Постоењето на одредено ниво на стрес во животот, може да биде корисно за секој од нас. Сепак, кога таквата изложеност на стрес трае подолго време, почнува да биде штетна. Речиси сите долу наведенииндикатори, во одредени кратки временски периоди, можат да се јават во текот на животот на било кој човек. Меѓутоа, кога истите траат подолго време и се од сериозна природа, тие го попречуваат нормалното функционирање и однесување и можат да бидат причиназа загриженост.

- Превисок степен на вклученост (типично кај стресот) или оставање впечаток на неприсутност (вообичаено кај целосната изнемоштеност)
- Изглед кој укажува на немир и депресија
- Цинично однесување или постојана сомничавост
- Оставање впечаток на преголема самодоверба или изглед на лична совладаност
- Прекумерна употреба на алкохол и други средства или лекови како средство за справување
- Постојано чувствување на физички болки и изнемоштеност, со главоболки, настинки, стомачни проблеми и слично, или постојано чувство на преголем замор.

Стратегии за намалување на изнемоштеноста и стресот

- Обезбедете редовни паузи во текот на работниот ден (на пример за чај и кафе, за ручек и слично
- Бидете искрени кон самите себе си и кон вашите раководители / тимот за тоа колку е навистина можно да се постигне и сработи во текот на еден работен ден и кои се реалните ограничувања во вашата работа
- Побарајте помош! Работете како дел од тимот
- Хранете се редовно и квалитетно и потрудете се да бидете постојано доволно наспани
- Комуницирајте и дружете се со своите пријатели во сопственото опкружување
- Најдете дополнително слободно време за учество на работилници, семинари итн.
- Редовно вежбајте
- Најдете го најдобриот начин за релаксација –на пример јога, слушање музика илиодење на прошетки
- Обидете се да задржите јасна граница помеѓу работата и приватниот личен живот
- Искористете ја личнатаподдршка од пријателите и семејството на формален и неформален начин
- Доколку има потреба, побарајте и дополнителна стручна помош и поддршка

Прашалник за исцрпеност – самопроценување

#	Изјави	1	2	3	4	5
1.	Чувствувам дека немам енергија أشعر بأنني مرهق وليس لدي طاقة					
2.	Се чувствувам емоционално исцрпен أشعر بأنني مستنزف انفعاليا					
3.	Имам негативни мисли за мојата работа تراودني أفكار سلبية عن عملي					
4.	Ги изгубив емпатијата и сочувството за корисниците (жртвите бегалци) فقدت التعاطف مع المستفيدين أو متلقي الخدمة					
5.	Лесно се иритирам од членовите на мојот тим أنزعج بسهولة من أعضاء الفريق					
6.	Лесно се иритирам од мали проблеми أنزعج من أي مشكلة بسيطة					
7.	Се чувствувам нецењето на работа ال أشعر بالتقدير في العمل					
8.	Чувствувам дека нема никој со кого може да зборувам за проблемите на работа أشعر بأنه ال يوجد شخص استطيع التحدث معه عن مشاكل العمل					
9.	Чувствувам декане постигнувам многу на работа أشعر بأن أدائي غير كاف في العمل					
10.	Чувствувамдека сум под огромен притисок أشعر بأنني تحت ضغوطات شديدة					
11.	Не добивам тоа што сакам од работата أشعر بأنني ال احقق نفسي وطموحاتي في العمل					
12.	Чувствувам дека сум на поргешно работно место (организација) أشعر بأنني أعمل في المكان/المنظمة الغير مناسبة لي					
13.	Фрустриран сум со некои делови од мојата работа أشعر بالإحباط من بعض جوانب عملي					
14.	Организациската бирократија ги спречува моите способности за напредување السياسات الداخلية للمنظمة تعيق من قدرتي على الإنجاز في العمل					
15.	Чувствувам дека има многу повеќе да се стори од способностита што ги имам јас. أشعر بأن قدراتي غير كافية لإنجاز العمل المطلوب مني					
16.	Чувствувам дека немам доволно време за добра квалитетна работа. أشعر بأن ليس لدي الوقت الكافي لأتمم الأعمال بجودة عالية					
17.	Чувствувам дека немам доволно време за планирање на мојата работа. أشعر بأن ليس لدي الوقت للتخطيط لعملي					
18.	Се чувствувам депресивно кога помислувам на работата. أشعر بالكئابة عندما أفكر بالعمل					
19.	Чувствувам дека не сум компетентен за мојата работа أشعر بأنني غير كفؤ في عملي					
20.	Не го гледамм значењето на мојата работа ال أجد أي أهمية في عملي					
21.	Не ми е вашно што ќе се случи со корисниците (жртвите бегалци) ال يهمني اذا سيحصل للمستفيدين أو متلقي الرعاية					

22.	Чувствувам дека нашата работа е бесцелна أشعر بأن اذه العمل عديم الجدوى					
23.	Понекогаш не можем да ги контролирам своите емоции на работа ال أستطيع السيطرة على مشاعري في العمل					
24.	Тешко ми е да се разбудам наутро и да одам на работа أواجه صعوبة في الاستيقاظ في الصباح والذهاب للعمل					
25.	Немам мотивација да ја завршам било која работа ليس لدي دافعية لإنجاز أي عمل					
26.	Се справувам со корисниците (жртви бегалци) како со предмети а не како со луѓе أتعامل مع متلقي الرعاية كأشياء وليس كأشخاص					
27.	Чувствувам дека го изгубив моето чувство за срека поради мојата работа أشعر بأنني فقدت القدرة على السعادة بسبب عملي					
28.	Чувствувам дека работата е губење на време أشعر بأن عملي مضيعة للوقت					
29.	Чувствувам дека нема надеж за ништо أشعر بأن ليس هناك أمل					
30.	Чувствувам дека веќе не можам да се опуштам поради работата. أشعر بأنني لا استطيع الاسترخاء بسبب عملي					

Откако ќе ја прочитате секоја изјава, ве молиме проверете го бројот до неа.
5 = секогаш
4 = во поголемиот дел од времето
3 = понекогаш
2 = ретко
1 = никогаш

Показател на резултатите

30-60 нема знаци на исцрпеност

60-90 (постои) /во ризик од исцрпеност

90-120 значителна инсцрпеност

120-150 сериозна / тешка исцрпеност

Коментари(по избор/ дополнение)

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ ***- прв дел***

Опис на семејството:

Мајка и татко со четири деца – момче на возраст од 14 години, девојчиња на возраст од 13 години и 4 години и уште едно мало девојче старо само 18 месеци.

Семејството патува заедно со некои други членови на поширокото семејство - со нив патува и бремената сестра на мајката и нејзиниот сопруг, две постари жени кои се во роднинска врска со нив (тетки), како и уште три други деца.

Опис на ситуацијата:

Семејството е стасано неодамна. Нивниот прв приоритет е да обезбедат храна и нови / топли алишта, а во конкретниот момент се одмараат.

Децата и жените се упатуваат во делот предвиден за сместување на децата.

- Малото девојче на возраст од 18 месеци си игра со своите играчки и е расположено и се смее.
- Девојчето на возраст од 4 години било срамежливо по доаѓањето и барало охрабрување за да земе да црта или да си игра. Воопшто не зборува со никого, па дури ниту со членовите на нејзиното семејство и другите деца. Во еден момент, кога мајката излегла надвор за да разговара со некој друг, девојчето станува многу нервозно и вознемирено кога сфаќа дека мајката не е во близина.
- 14-годишното момче зборува малку англиски и ви кажува дека му е досадно и дека сака да излезе надвор. Тој вели дека ќе оди да го најде татко си.
- 13-годишното девојче си игра со своите сестри. Таа вели дека мора да оди во тоалет и бара некој да ја придружува. Жените и велат дека се сите зафатени и дека треба да оди сама.

Прашања за дискусија :

- *Дали сте загрижени за било кое од четирите деца ? и Зошто?*

- *Мислите ли дека однесувањето на децата е очекувано со оглед на тоа дека се бегалци?*

- *Може ли да има / да постојат некои дополнителни проблеми за акцентирање? Ако има кои се тие и зошто?*

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ – *Втор дел*

Опис на семејството:

Мајка и татко со четири деца – момче на возраст од 14 години, девојчиња на возраст од 13 години и 4 години и уште едно мало девојче старо само 18 месеци.

Семејството патува заедно со некои други членови на поширокото семејство - со нив патува и бремената сестра на мајката и нејзиниот сопруг, две постари жени кои се во роднинска врска со нив (тетки), како и уште три други деца.

Опис на ситуацијата:

Девојчето на возраст од 18 месеци добива треска и ја носат во делот предвиден за лечење и медицински третмани. Лекарите им советуваат да одат во болница, меѓутоа, се чини дека таткото не се согласува со овој совет, затоа што тврди дека мораат да продолжат со патувањето и дека девојчето може да се лечи на друго место подоцна.

14-годишното момче помага во разбирањето и им преведува на своите родители. Подоцна пристигнува и службениот преведувач и таа на работниот тим му вели дека момчето рекло дека "е загрижено затоа што смета дека може да дојде до поделба на нивното семејство".

Подоцна истата вечер, еден од стражарите / полициските службеници го видел таткото како нешто му вика и го кара момчето додека стоеле во близина на тоалетите. Момчето изгледало вознемирено и уплашено.

Семејството планира да си замине веќе следното утро.

Прашања за дискусија:

- *Во овој случај кој треба да биде вклучен во работењето со децата и семејствата?*
- *Кои се нивните улоги ?*

СТУДИЈА НА СЛУЧАЈОТ - *трет дел*

Опис на семејството:

Мајка и татко со четири деца – момче на возраст од 14 години, девојчиња на возраст од 13 години и 4 години и уште едно мало девојче старо само 18 месеци.

Семејството патува заедно со некои други членови на поширокото семејство - со нив патува и бремената сестра на мајката и нејзиниот сопруг, две постари жени кои се во роднинска врска со нив (тетки), како и уште две други деца.

Опис на ситуацијата:

Девојчето на возраст од 18 месеци добива треска и ја носат во делот предвиден за лечење и медицински третмани. Иако првично семејството не се сложило да ја однесат во болница, нејзината здравствена состојба се влошила, по што тие се вратиле кај медицинската екипа и сега се согласни да одат во болница. Таткото и мајката го земаат 18-месечното девојче со себе, а останатите деца ги оставаат со останатите роднини.

Порано истиот ден, еден од стражарите / полициските службеници го видел таткото како нешто му вика и го кара момчето додека стоеле во близина на тоалетите. Момчето изгледало многу вознемирено и уплашено. Откако неговите родители отишле во болница со неговата сестра, момчето започнало да зборува и да се дружи со некои од другите момчиња на иста возраст во близина и по кратко време се спријателило со нив. Тие патувале како дел од една поголема група и биле придружувани од двајца постари мажи.

Семејството планирало да замине следното утро, меѓутоа, малото девојче е сè уште во болница. Останатите членови од поширокото семејство не мислат да го менуваат планот и сакаат да заминат, затоа што се загрижени што би можело да се случи доколку сестрата на мајката се породи во Србија.

Прашања за дискусија :

- *Имате ли некакви грижи за децата, особено во релација со нивната заштита / сигурност? Ако има кои се тие?*
- *Кои дејствија треба да се превземат за да се пречи или намали веројатноста за заштита/ се случуваат безбедносни грижи.*

ВЕЖБА 1 – *Идентификација и ризик*

Упатство

На овој лист можете да видите повеќе различни сценарија. Во рамки на вашите групи, разгледајте ја секоја поединечна ситуација и потоа:

1. *Одлучете дали сметате дека постои некаков ризик за детето и зошто;*

2. *Рангирајте ги различните ситуации, односно сценарија според нивото на присутниот ризик – односно, наведете ја најризичната состојба, потоа помалку ризичната и така натаму.*

Сценарија:

1. Момче на возраст од 17 години кое патува со својот пријател кој има 19 години.

2. 13-годишно момче кое патува со вујко му и уште неколку други млади мажи.

3. Девојче на возраст од 3 години кое патува со татко си и бремената мајка.

4. Девојче на возраст од 3 години кое патува со татко си и мајка си (која не е бремена).

5. 7-годишно момче со физичка попреченост кое патува со своите браќа и сестри, мајката, таткото и бабата.

6. 7-годишно девојче кое патува со мајка си и со некои други членови на поширокото семејство и други пријатели.

7. Девојче на возраст од 15 години кое патува само со својот татко.

8. Девојче на возраст од 15 години кое патува со татко си и неколку други члена од семејството, меѓу кои се наоѓа и една нејзина тетка.

ВЕЖБА 2 – *Дилеми при обезбедувањето заштита*

Упатство:

Разгледајте ги сите сценарија прикажани подолу и потоа одлучете:

- ***Дали станува збор за ситуација во која е потребен некаков вид детска заштита (ако одговорите потврдно, зошто?)***
- ***Какви мерки или активности би требало да се преземат според ваше мислење?***
- ***Имајќи ја предвид вашата улога, што ВИЕ лично би сториле доколку се најдете во ситуацијата опишана во сценариото?***

СЦЕНАРИЈА

1. Еден човек стои во близина на просторот предвиден само за деца и ги набљудува децата што се таму. Се чини дека тој самиот нема деца што ги придружува.

2. Едно дете го праќаат неколку пати до местото на кое се издаваат ќебиња. Татко му му рекол дека тој може да оди таму и да зема ќебиња и во име на други мажи кои патуваат сами, затоа што тие самите добиле само едно ќебе.

3. Еден од тоалетите нема брава која може да се заклучи, а целата област во близина на тоалетите е неосветлена.

4. Еден од вработените од некоја друга агенција му вика и кара едно од децата, кое изгледа вознемирено.

5. Една мајка ве информира дека видела дете кое патува само.

6. Пристигнува една група на волонтери кои веднаш започнуваат со делење храна и облека.

7. Две мали деца се шеткаат наоколу сосема сами и без надзор.

План на сесијата – Хрватска

Tdh / Peter Käser

Оваа сесија содржи материјали развиени за Хрватска. **Да се забележи дека овие материјали не се интензивно испитани на терен со теренските работници** (како во БЈРМ така и во Србија), иако тие беа валидирани низ два тренинг курсеви на тренерите во Јануари 2016 во Загреб. Подетелни информации се обезбедени во Блок А Работење со други култури, да се одрази на релативно лимитираното искуство од работењето во Хрватска (бидејќи бегалците и Мигрантите само остануваат во земјата неколку часа)

Иако **брошурите, вежбите**, и **студиите на случајот** се речиси исти за Србија и БЈРМ, оние кои се подготвени за Хрватска се вклучени во оваа сесија за се избегнат забуните во однос на нумерацијата итн.

Блок А : Работење со други култури
Цели : • Разбирање на динамиката на работење со културните разлики и споделување на искуства • Препознавање како однесувањето на работниците влијае на динамиката на работењето со бегалците, мигрантите и други различни ситуации. • Идентификувајте ги советите и стратегиите за надминување / ограничување на влијанието на културните разлики.
ПОтребни материјали : Флипчартови и Пенкала: Копии од Конвенцијата за Правата на Децата на Обединатите Нации (UNHCR) – кратка верзија на локалниот јазик (забележете дека пријателската детска верзија направена од UNICEF е исто така корисна верзија) - алтернативно користете ја брошурата А2. Копииод броурите А1 – доволно за секој учесник

Блок А : Работење со други култури			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
5 мин	Вовед во сесијата		Да се даде преглед или цел на Блокот и областите кои ќе бидат покриени.
5 мин	Wordstorm- она што се подразбира под поимот култура?	Флипчартови и пенкала	Бидете блиски со концептот на културата како што е дефиниран во брошурата А2. Споделете го главниот момент/ заклучок од дефиницајата.
15 мин	Побарајте од учасниците да се поделат во помали групи (5-6 луѓе) и да дискутираат: ***Нивното искуство од работењето со бегалци и мигранти и кои се нивните најнаградувани и најпредизвикувачки теми во однос на работењето со луѓе од други култури.*** Краток фитбек (повратна информација) на забележаните точки од основната група на таблата		Оваа сесија ќе биде тешко да се покрие ако учесниците имаат ограничено искуство со работење со бегалци/ мигранти и други култури и во тој случај ја менуваме оваа сесија со **алтернатива А1** За време на повратните информации ако има голема група, за да се избегне спориот фитбек земете една или де точки од секој група по редослед (избегнувајте повторување) се додека не бидат покриени / опфатени сите точки.

Блок А : Работење со други култури			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
25 мин	во мали групи учесниците да дискутираат од нивните лични искуства. ***Кои стратегии тие ги имаат откриено / развиено за работење со луѓе од други култури:*** ***Како машко – работење со жени, работење со мажи, работење со деца*** ***Како жена – работење со жени, работење со мажи, работење со деца*** Фитбек / повратна информација во Големата група и дискусија		Оваа сесија ќе биде тешко да се покрие ако учесниците имаат лимитирано/ ограничено искуство во работењето со бегалци / други култури, во кој што случај оваа сесија се заменува со **Алтернатива А2** Некои примери кои беа споделени во тренингот ги вклучуваат родовите улоги: Оплот на медицинскиот персонал – очекуваме некој од ист пол за медицинска грижа. Присуство на машки членови за време на било каква комуникација со жени / деца. Полови обврски во текот на патувањето. Физички контакт особено помеѓу половите и со децата. Грижата за заштита на децата – раните /предвремеи бракови, трговијата со луѓе. Децата гледаат во возрасните за дозвола пред да одговорат Важно е да се нагласи дека додека некои можеби КУЛТУРНИ или РЕЛИГИОЗНИ некои може да бидат повеќе ИНДИВИДУАЛНИ/ ФАМИЛИЈАРНИ вежби. Многу е важно да не се претпоставува дека нивните искуства автоматски се применуваат на секој Оваа сесија ќе биде тешко да се покрие ако учесниците имаат лимитирано/ ограничено искуство во работењето со бегалци / други култури, во кој што случај оваа сесија се заменува со **Алтернатива А2** Олеснете ја дискусијата и прашајте ги учесниците да размислат дали некои од стратегиите за комуникација / работни практики кои беа дискутирани се неопходни да се прават заедно со културата, или тие ќе се применуваат во сите сетинзи? (пр. Каков одговор ке има пукањето врз луѓе брз Хрватската култура?). Добрата и јасна комуникација која е чувствителна за искуствата и потребите на луѓето, е основна потреба во помагањето на прфесии.
20 мин	Користејќи го материјалот 1 како референца, за да се минува низ советите на работењето со различни култури, давање на учесниците шанса да дискутираат за идеите и да ги споредат со стратегиите кои тие ги развиле.	Брошура 1	Летокот 1 може да се даде на учесниците како извор за да се повикаат на него после курсот
10 мин	Да се раздели материјал за правата на децата и дас е објасни на учесниците дека иако додекание ги респектираме културните разлики децата имаат право на кои тие имаат право да уживаат- и дека културата или религијат не може никогаш да биде изговор за злоставување	Копија од UNCRC 1989	Забележете дека ова не е сесија за правата на децата – ова е само за да се подигне свеста и особено дас еосигураме дека на учесниците им е јасно дека културата не може да се користи како изговор за злоставување. Да кажеме дека ќе се гледа во 4 главни принципи што посочуваат на поддршка на сите во Конвенцијата за детските права во Блок Б.

Блок А : Работење со други култури			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
10 мин	Финални прашања / рефлексии од блокот А		За време на оваа сесија би било корисно да се потенцираат / нагласат ('takeaways') впечатоците од блокот. • Важноста накултурните разлики • културните разлики не ги дефинираат индивидуите и индивидуите не ја дефинираат културата • Личните ситуации пр. Да се биде бегалец / мигрант имат влијание врз однесуваањето итн. • Културата никогаш не треба да се користи као изговор за злоставување.

Алтернатива А1			
Оваа алтернатива може дас екористи ако учесниците немат или имаат мало искуство со работа со миганти - - на пр – подготвителен тренинг.			
15 мин	побарајте од учесниците да се поделат во помали групи (5-6 луѓе) и да дискутираат : ***Нивните очекувања од работењето со бегалци / мигранти и кои тие мислат дека би биле најпредизвикувачките теми во однос на работењето со различни култури.*** Краток фитбек на забелешаните точки од основната група на флип-чарт. Дискусии во големи групи / прашања и одговори.		Тренерите треба да бидат самоуверени/ сигурни за тоа да можат да одговорат на прашањата пред да почне сесијата. Тие или мораат да се подготват однапред или да имаат многу лично искуство кое можат да го претстават. За време на повратните информации ако има голема група, за да се избегне спориот фитбек земете една или де точки од секој група по редослед (избегнувајте повторување) се додека не бидат покриени / опфатени сите точки.

Алтернатива А2			
25 мин	Во малите групи учесниците дискутираат и ги запишуваат идеите на флипчарт: ***5. Што тие веќе знаат / веруваат за културата на бегалците и мигрантите*** ***6. Прашања кои тие ги имаат за културата на бегалцитакорисни да се подобри начинот на работа со нив.*** Фитбек на главната група и дискусија.		Најважно е тренерите кои ја водат оваа сесија да имаат искуство со работа со бегалци на терен- инаку ќе биде тешко да се одговори на прашањата. Забележете дека ова може да биде од нивните набљудувања. Не мора да биде вистина Ако дозволи времето поканете ја групата да каже на кои теми тие се согласиле меѓу себе / или каде имало несогласувања. Да го зачувате времето прашајте ја секој група за повратна информација на една точка што веќе била кажана додека не бидат сите точки опфатени Тренерите можеби ќе има потреба да ги објаснат точките.

Блок Б: Препознавање на грижа за заштита на децата во итни/вонредни ситуации
Цели : • Препознавање на влијанието трауматските искуства врз децата и разликувајќи го тоа од знаците за знаците на насилство. • Истражување на значењето на заштита на децата во итни/вонредни ситуации • Интегрирање на заштита на децата во Вонредни ситуации (CPiE) во Намалување на ризикот од катастрофи (DRR) • Разликување помеѓу ранливост и ризик. • Идентификување на клучните индикатори на загриженост / основна идентификација и оценка.
Потребни материјали: Бели Табли и пенкала Копии од Вежба Б1 – Студија на случајот - прв дел – доволно за секој учесник Копии од Вежба Б3 – идентификација на грижата за заштита на децата и проценка на ризик– доволно за секој учесник Копии од вежбите Б2 и Б4 – доволно за секој учесник

Блок Б: Препознавање на грижа за заштита на децата во итни/вонредни ситуации			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
5 мин	Направете вовед во сесијата и дадете преглед на областите кои се опфатени		Ако се приклучат нови учесници не заборавајте да им дадете простор да се претстават.

Блок Б: Препознавање на грижа за заштита на децата во итни/вонредни ситуации			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
20 мин	Замолете ги учесниците да се поделат во групи (5-6 луѓе) и распределете ги материјалите од студијата – Прв дел. Учесниците да дискутират за студијата и да размислуваат: 1. Дали се загрижени за некое од децата – зошто и зошто не? 2. Дали тие мислатдека реакциите од децата се очекувани / нормални бидејќи тие се бегалци/ мигранти или мислат дека има некој друг проблем да се подвлече Фитбек на основните групи и дискусии помогнати од тренерите.	Вежба Б1 – Студија на случајот – Прв дел	*Забелешка: ако блокот стартува покасно и имамае на располагање помалку од 1½ час, испуштете ја оваа сесија и преминете веднаш на другата сесијанакратко претставувајќи го UNHCR и концептпт на правата на децата.* *Ако е возможно, доколку ја прави големината на групата премногу голема, имате четири групи и тоа го прави полесно да може да се даде фитбек.* Да се зачува времето за време на фитбекот побарајте од секој група да презентира едно дете, и потоа прашајте за придобивките / коментари од другите групи Користете ги забелешките подолу ако фитбекот од групите не ги вклучува овие точки • *18 месеци старо – нормална реакција како дете е „заштита од семејството „ на оваа возраст децата не се свесни што се случува околу нив ако се сакани и заштитени од значајни возрасни луѓе.* • *4 години старо – сramежливо итн. и вознемирено кога мајката заминува нормално. Како и да е сметајќи дека таа не го носи кај роднините може да биде симптоматичен проблем на траума итн.* • *Во овој случај, во транзитна средина, може да не биде безбедно да се обезбеди PSS терапија но ние може да обезбедиме родители кои ќе дадат совет во однос на тоа како да се помогне на нивната ќерка да се намали понатамошниот стрес (на пр. Да и се каже кога ке се заминува да се осигура итн.).* • *14-годишно момче – нормална реакција. Во дополнение тој може да биде ставен во ситуација (на пр. Превод) каде што е третиран како возрасен или во неговата култура тој може да се смета за возрасен. (иако не е!). Темата не е неговата реакција туку дека може да се се стави себеси во опасност / стане одвоен итн.* • *13-годишно девојче во нормални услови би било нормално / соодветно за неа оди во тоалет сама. Барањето од неа да оди некој со неа во тоалет не е изненадувачко со оглед на ситуацијата.* Ако времето дозволува дискутирајте дали нивните одговори би биле поинакви ако детето би било помало/ постаро, момче /девојче или да има некој вид на посебни потреби како хендикеп. Забелешка: учесниците може да прашаат што да прават следно или да продолжат да дискутираат за битната акции- да објаснат дека тоа ќе биде истражено во блокот Ц при заедничкото работење. Иако точките може да бидат решени за кратко време на оваа сесија бидете сигурни дека не сте се оддалечиле од планот на сесија инаку нема да има време за да се покрие целиот материјал. Клучни поенти/точки: • Нагласете дека има заеднички одговори / искуства кои може да се очекува од децата да ги изведуваати тие се нормални, но дека некои работи кои ги гледаме и слушаме не се нормални за ситуацијата и секогаш мора да бидеме подготвени за децата на кои им е потребна заштита. Ова создава линк/ поврзаност со следната сесија за правата на децата и заштитата на децата.

Блок Б: Препознавање на грижа за заштита на децата во итни/вонредни ситуации			
Тајминзи	**Инструкции**	**Извори**	**Дополнителни забелешки за тренерите**
Реф	точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
Ц.1	Знам на кого да го поднесам извештајот за грижата околу заштитата на детето (изјава):							
Ц.2	Знам во кои случаи можам да го препорачам детето на понатамошна помош дури и ако семејството одбива помош (изјава):							

Д	Заштита	Прв преглед			Втор преглед			Забелешки / Примери
Реф	точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
Д.1	Можам да го објаснам значењето на зборот заштита (молиме за изјава):							
Д.2	Знам два начини во кои децата може да станат разделени (изјава): 1. 2.							
Д.3	Можам да им дадам три пораки на семејствата да се избегне разделувањето (изјава): 1. 2. 3.							
Д.4	Можам да препознаам кај себе и кај другите, три знаци на исцрпеност / стрес (изјава): 1. 2. 3.							
Д.5	Препознавам два начини кои можат да ми помогнат да управувам со мојата сопствена исцрпеност / стрес (изјава): 1. 2.							
Д.6	Потпишав кодекс на однесување или моја политика на организација на заштита на децата и свесен сум за моето очекувано однесување.							
Е	Останати теми	Прв преглед			Втор преглед			Ажурирање / дополнителни забелешки
	Искористете ја оваа секција за да се снимат други теми- особено оние кои можат да бидат бариера за имплементирање на идеи од курсот							

Проценка на напредокот (За менаџери / супервизори).....*Како ни оди ?*								
Оваа алатка може да се користи од Менаџери / супервизори за да се следи нивниот напредок од имплементирање на идеите од тренингот меѓуагенциската обука за заштита на децата.								
Име на работникот / Агенција:		Дата на прв преглед на напредокот :					Дата на втор преглед на напредокот :	
A	Работење со други култури	Прв преглед			Втор преглед			Забелешки / Примери
Реф	Точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
A.1	Имаме преведувач на располагање за сите теми.							
A.2	Знаците се на располагање на соодветните јазици и слики.							
A.3	Постои систем на терен за да се идентификуваат и да се справат со ситуации каде што културата може да се занемари во однос на заштитата на децата (изјава)							

Б	Влијание од тоа да се биде дете бегалец	Прв преглед			Втор преглед			Забелешки / Примери
Реф	Точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
Б.1	Персоналот се свесни за развојот на децата и може да го објасни влијанието да се биде дете бегаелц							
Б.2	Персоналот го разбира значењето на заштита на децата во итни ситуации.							
Б.3	Персоналот може да ја објасни разликата помеѓу ранливост и ризик							
Б.4	Персоналот може да идентификува две групи на деца кои се воглавно поранливи (изјава) : 1. 2.							
Б.5	Персоналот може да идентификува петиндикатори кои може да наведуваат на висок ризик кај децата (изјава): 1. 2. 3. 4. 5.							
Ц	Заедничка работа за заштита	Прв преглед			Втор преглед			Забелешки / Примери
Реф	Точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
Ц.1	Имаме јасна политика на кого се однесува извештајот / правиме препораки и тоа е соопштено на персоналот (изјава што и како):							
Ц.2	Персоналот е свесен во кои ситуации извештајот за дете на понатамошна помош може да биде направена, дури иако семејството одбива помош (изјава):							

Д	Заштита	Прв преглед			Втор преглед			Забелешки / Примери
Реф	Точка	исполнети	Дел.испол.	Не исп	исполнети	Дел.испол.	Не исп	Искористете ја оваа секција за да се снимат примерите од праксата или било какви релевантни факти вклучувајќи и бариери итн.
Д.1	Персоналот го има споделено разбирањето за заштита (ве молиме за изјава):							
Д.2	Постојат процедури со цел да се осигура дека заштитата е земена во предвид при планирањето на работата (изјава):							
Д.3	Работната средина е чиста и средена без некои очигледни опасности.							
Д.4	Постојат јасни процедури на избирање / вработување на персоналот и волонтерите за да се осигура дека тие се соодветни за работа со деца.							
Д.5	Персоналот рутински/ редовно дава три пораки кои можат да бидат пренесени на семејствата за да се избегне разделувањето (изјава): 1. 2. 3.							
Д.6	Имаме соодветни механизми со цел да се осигураме дека персоналот е соодветно обучен да се избегне изнемоштеност / исцрпеност (изјава) :							
Д.7	Целиот персонал / волонтери имаат потпишано кодекс на однесување или политиката на организацијата за заштита на децата и се свесни за очекуваните однесувања.							
Е	Останати теми	Прв преглед			Втор преглед			Ажурирање / дополнителни забелешки
	Искористете ја оваа секција за да се снимат други теми- особено оние кои можат да бидат бариера за имплементирање на идеи од курсот							

ТДН ППП ДОКУМЕНТ(МАТЕРИЈАЛ)

ШТО Е ПСИХОЛОШКА ПРВА ПОМОШ (ППП)?

Психолошка прва помош е хумана поддржувачка и практична асистенција на пријателски човечки суштесва кои неодамна биле изложени на сериозен стрес.

ППП вклучува :

- обезбедување на ненаметлива практична помош и поддршка;
- Проценка на проценките и грижите;
- Помагање на луѓето да се обрата за основните потреби (храна, вода, информации);
- Сослушување на лугето но не и присилување да говорат;
- Утешување /смирување на луѓето и помагање да се чувствуваат смирено ;
- Помагање на луѓето да стигнат до информации, служби и социјална поддршка;
- Заштита на луѓето од понатамошно зло/наштетување (вклучувајќи ги и луѓето на кои најверојатно им треба посебно внимание).

ППП значи помагање на луѓето за:

- Да се чувствуваат безбедно, поврзани со другите, да бидат смирени и со надеж
- За имаат пристап до социјалната Физичката и емоционалната поддршка, и
- Да се чувствуваат способни да си помогнат себеси, како поединци или во заедница.

ППП НЕ Е :

- **Нешто што само професионалците можат да го прават;**
- **Професионално советување;**
- **“Психолошки Дебрифинг.”**
- **Барање од некој да анализира што им се случило или да се подреди времето и настаните**
- **Вршење притисок врз луѓето да зборуваат или да ви ги кажат нивните чувства и реакции за некој настан, но подобро да се биде во можност да се сослушаат луѓето.**

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

КОЈ КОГА И КАДЕ СО ППП ?

- **КОЈ МОЖЕ ДА ДОБИЕ ОД ППП ?**

ППП може да се понуди на секој без разлика на годините полот социјалниот статус итн. Може да му пристапите на дете поинаку отколку на возрасен кога му нудите ППП или на жена или постара линост различно во зависност од нивнта култура.

Како и да е не секој кој е погоден од стресна ситуација би сакал или би имал потреба од ППП. Никогаш не форсирајте некој кој не сака помош, но бидете им на располагање на оние кои можеби сакаат поддршка.

- **Кога може да се обезбеди ППП?**

Обезбедете ППП со вашиот прв контакт со многу вознемирени личности. Понекогаш може да поминат денови и недели по настанот, во зависност од тоа колку долго траел настанот и колку бил опасен.

За време на оваа мигрантска криза ППП може да бике од корист кога:

- доставуваме пакети со намирници и хигиенски пакети за семејствата
- играме со децата кои покажуваат невообичено однесување на безбедни места
- воспоставување на контакт со лица кои искажуваат привлекување на помошници
- Поддршка на давателите на здравствени услуги доживување на вознемиреност по долгата смена
- Поддршка на оние кои неодамна изгубиле член од семејството
- помагање на заедницата поделба на нивните фрустрации.

• Каде треба да се обезбеди ППП ?

Понудете ППП онаму каде што е доволно безбедно и за вас да бидете таму. Идеално обидете се да имате малку приватност (соодветно) да ја заштитите доверливоста и гордоста на засегнатото лице.

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

Почитувајте ја човековата...

Безбедност

- Избегнувајте да ги ставате луѓето во понатамошен ризик од зло како резултат на вашите акции /дејствија
- осигурајте се, најдбро што можете, дека возрасните и децата на кои им помагате се безбедни и заштитени од физичко и психолошко зло / насилство.

Гордост

- третирајте ги луѓето со почит според / во согласност со нивните културни и социјални статуси

Права

- осигурајте се дека луѓето ќе имаат пристап до правата фер и без дискриминација
- помогнете им на луѓето да ги искажат нивните права и да пристапат кон соодветна подршка.
- реагирајте само во најдобар интерес на било која лличност што ќе ја сретнете.
-

ДА (да се прави)	НЕ (да не се прави)
• Бидете чесни и вредни за почит • Почитувајте го правото на луѓето да донесуваат свои одлуки • Бидете свесни и ставете ја настрана сопствената пристрасност и предрасуди • Разјаснете им на лугето дека иако одбиваат помош дека сеуште може да добијат помош во иднина • Почитувајте ја приватноста и држете ја во тајност, ако ова е соодветно. • Однесувајте се соодветно размислувајќи за културата на луѓето, возраста и полот,	• Не ја искористувајте вашата врска како помагач • Не барајте им пари на лицата за возврат што им помагате • Не давајте лажни ветувања или лажни информации • Не претерувајте со вашите вештини • Не форсирајте помош на луѓето и не бидете нападни и упорни • Не ги притискајте луѓето да ви ја кажат приказната • Не ја споделувајте приказната на некое лице со други • Не судете им на луѓето за нивните дејствија и чувства

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

Совети за да обезбедите ППП

Добрата комуникација почнува со слушање на истата. Слушањето е еден од најголемите подароци кој можеме некому да го дадеме. Научете да слушате со вашите:

- ОЧИ – да го дадете некому вашето целосно внимание
- УШИ – внимателно слушање на нечии грижи
- СРЦЕ – со грижа и почит.

Размислете за различните начини на кои ја демонстрираме комуникацијата:

- Зборови – кои покажуваат почит и корекција
- јазик на телото – избирање на вистинската гестикулација/ држење
- контакт со очи - да биде соодветен
- тонот на гласот – да пренесува смиреност и удобност

За секој од овие аспекти на комуникација, размислете дали ќе ја прилагодите вашата комуникација со нечии пол, возраст, возраст на култура.

Работи кои треба да се кажат и да се прават	Работи кои не треба да се кажат и прават.
• Обидете се да најдете мирно место за разговор и минимизирајте ги надворешните влијанија(одвлекување на вниманието) • Почитувајте ја приватноста и чувајте ја доверливо приказната на луѓето ако тоа е адекватно / соодветно • Останете близу до личноста но држете соодветно растојание во зависност од нивната возраст пол или култура. • Покажете им дека слушате на пр. Кимнете со главата или кажете хммммм... • Бидете трпеливи и смирени • Обезбедете ја фактичката состојба ако ја имате. Бидете искрени за она што го знаете и што не го знаете (не го знам тоа но ќе се обидам да го дознаам тоа за тебе) • Дадете информација на начин на кој личноста може да ја разбере –нека биде едноставно. • Дознајте како тие се чувствуваат и за било каква загуба или важен настан за кој ќе ви раскажат, на пр. Губење на домот ,или смрт на некој близок сакан. „ многу ми е жал, можам да замислам дека ова е многу тажно за тебе„ • Дознајте за силата на луѓето и како тие си помогнале самите • Дозволете тишина	• Не притискајте го некого да ви ја каже нивната приказна • Не ја прекинувајте или избрзувајте нечија приказна (на пр. Не гледајте на саат или говорете премногу брзо) • Не ги допирајте личностите ако не сте сигурни дека тоа е адекватно • Не судете што тие имаат или немаат направено или како тие се чувствуваат. Не велете :„ не треба да се чувствуваш така„ или „треба да си срекен што си преживеал„ • Не измислувајте работи кои не ги знаете. • Не користете премногу технички термини • Не им раскажувајте нечија друга приказна • Не зборувајте за сопствените невољи • Не давајте лажни ветувања или осигурувања • Не размислувајте и реагирајте како да морате да ги решите сите проблеми на луѓето за нив. • Не им ги одземајте на луѓето силата и чувството да бидат способни да се грижат за самите себе • Не говорете за луѓето во негативни термини (на пример не им велете луди или ненормални)

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

ППП за децата Работи кои треба да се кажат и направат за децата.

Држете ги заедно со нивните сакани

- Држете ги заедно со нивните старатели и семејство кога тоа е возможно. Обидете се да не се разделуваат
- Кога се без придружба поврзете ги со доверлива мрежа за заштита на децата или агенција, не оставајте го детето незгрижено.
- Ако ниту една агенција не е слободна, превземее чекори да ги најдете нивните старатели или да контактирате со друго семејство кое може да се грижи за нив.

Чувајте ги безбедни

- Заштитете ги од тоа да бидат изложени на страшни сцени, како повредени луѓе или ужасно уништување.
- Заштитете ги од слушање на ужасни приказни за настанот
- Заштите ги од медиумите или од луѓе кои сакаат да ги интервјуираат а кои не се дел од одговорите при катастрофи(итни случаи)

Слушајте, говорете и играјте

- Бидете смирени, говорете нежно и бидете љубезни
- Слушнете ги детските погледи на нивната ситуација.
- Обидете се да зборувате со нив очи во очи и користете зборови и објаснувања кои тие ги разбираат
- Претставете се себеси си име и дозволете им да знаат дека сте таму за да им помогнете.
- Дознајте кои се нивните имиња, од каде се и било каква информација со цел да се пронајдат нивните старателии други членови од фамилијата
- Кога се со старатели поддржете ги старателите во грижата на нивните сопствени деца
- Во минување на времето со децата обидете се да ги инволвирате во активности со игра или едноставни разговори за нивните интереси според нивната возраст.

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

Terre des hommes
Aide à l'enfance. tdh.ch

Работи кои треба да се направат за да им се помогне на децата

Новороденчиња / бебиња

- Чувајте ги топло и безбедно
- Чувајте ги подалеку од бучави и хаос
- Дадете им прегратки и милување
- Задржете ја редовната исхрана и спиење ако е возможно
- Говорете со смирен и нежен глас

Мали деца

- Дадете им дополнително /екстра време и внимание
- Често потсетувајте ги дека се безбедни
- Објаснете им дека тие не се виновни за лошите нешта кои се случиле
- Избегнувајте да ги разделите малите деца од старателите, баќа ,сестри и нивните сакани
- Држете се до редовната рутина и распоред колку што е возможно
- Дадете едноставни одговори за тоа што се случило без страшни детали
- Дозволете им да стојат близу вас ако се плашливи или (премногу поврзани) размазени.

- Бидете трпеливи со децата кои почнуваат да демонстрираат однесувања кои ги правеле како мали, како што е цицање на палец или мокрење во кревет.

Постари деца и адолесценти

- Дајте им го вашето време и внимание
- Помогнете им да ги прават рутинските работи
- Обезбедете факти за тоа што се случило и објаснета што се случува сега
- Дозволете им да бидат тажни. Не очекувајте да бидат силни.
- Слушнете ги нивните мисли и ставови без да им судите
- Поставете јасни правилаи очекувања
- Прашајте ги за опаностите со кои се соочуваат, поддржете ги и дискутирајте како може најдобро да избегнат да бидат повредени.
- Охрабрете ги и дајте им можност да бидат од корист.

Health Organization, War Trauma Foundation and World Vision International (2011). Psychological first aid: Guide for field workers. WHO: Geneva.

ПОВРАТНИ ТРЕНИНГ ИЗВЕШТАИ

Оваа секција вклучува консолидирани повратни информации од обуката што се одржа во декември во Србија (работници од првите редови /теренски) и БЈРМ (трнинг на тренери). Базирано од искуството од почетните тренинзи на работниците од првите редови и тренинзите на тренерите одржани во двете земји, материјалите вклучени во четирите блока беа елаборирани и развиени.

Извештајот од тренинг обуките на тренерите во Хрватска 2016 е исто така вклучен. Како што претходно наведовме овој материјал сеуште не е испитан во областа.

Овие извештаи беа вклучени за да го илустрираат опсегот на повратни информации дадени со цел да дадат контекст и објаснување на материјалите како што се изработени. Тоа не се вкупните дадени повратни информации туку застапеноста.

Во Србија и БЈРМ Тренингот на Тренерите беше одржан после обуката на работниците во првите редови. Бо БЈРМ тренерите беа избрани од оние кои претходно присуствувале на обуката за работници од првите редови / теренски, и како последица на тоа курсот беше одржан само во еден ден. Учесниците мораше да донесат сесии како дел од овој тренинг. Во Хрватска тренингот на Тренерите се одржа приоритетно по правилото на материјалите и беше одржан во три дена. Ова ја рефлектираше потребата на учесниците да им се даде почетна предметна обука на темата.

Тренинг извештај Србија (Теренски/ Работници од првите редови)

Вкупен број на учесници : 95
Број на тренинг денови : 4
Датуми и места : Декември 14-15, Шид и Декември 17-18, Бујановац
Тренинг теми :
Културна осетливост
Разбирање на влијанието да се биде бегалец врз децата
Да се одршува заштитата – да си помогнеме себеси и да се поддржиме помеѓу себе

Заштита / „Помислете на детето„
Тренери : Стефани Делејни и Али Абабнех
Профили на организациите на учесниците / институции:

Имаше вкупно 95 учесници за време на четридневен тренинг во Шид и Бујановац во Србија, со вкупен број на 25 јавни институции, локални организации и интернационални организации. Имаше 2-3 претставници од следните присутни организации/ институции: UNICEF, Terre des homes (Тер Дез Оме), UNHCR Центарот за социјална работа Белград, Белгадски Центар за Човекови права, АДРА, CSO – Визија Крагуевац, Интер SOS села од Србија, Данскиот совет за бегалци, Аслим инфо центар, Хуманитарен центар Нови Сад, Група 484, Ворлд Вижн, Цендар за социјално здравје Шид, IAN, Аслум Центар за Заштита,, Лекари без Граници Србија, Заштитете ги Децата, Група за заштита на децата и младите „ИНДИГО„ CSOАтина, Центан за Интеграција на младите, Центар за социјално здравје Бујановац, Центар за социјално здравје прешево, ARSIS, CSO Нова Генерација

Б и Х, министерство за здравство и социјално Здраје на Република Српска.

Повратни информации за корисноста на сесите

Базирано на повратните информации од учесницисите преку формулари за евалуација и неформални разговори/ дискусии за време на паузите, повеќето од нив искажаа дека тренингот бил исклучително корисен за нивните секојдневни работења на терен.

Повратните информации од Формуларите за Евалуација искажуваат дека:

97% од учасниците потврдија дека тренингот бил корисен за нив и корисен за нивната секојдневна работа само 3% од вкупниот број учесици изјавиле дека треннгот не бил многу корисен и кој може бидат поврзани со нивната улога во нивните организации и

релевантноста на нивната работа директно со корисниците, 99 % потврдија дека тренинг темите биле јасно разгледани и добро разбрани и меѓусебно поврзани.

Во прилог на тоа, 92 % од учесниците потврдија дека тренингот одговорил на нивните моментни барања и одговорил на нивните прашања и грижи, во прилог на тоа да се обезбеди простор за нив да ги отслика и сподели знаењата и искуствата, 94 %од учесниците потврдија дека тренингот вклучувајќи ги темите и пристапот биле многу релевантни на нивната секојдневна работа и ќе се одрази позитивно на нивната дневна практика во работата и ќе ги поддржи нивните одговори за поребите на корисниците.



Повратни информации за динамичноста на атмосферската група

Според повратните информации на учесниците во атмосферската група, повеќето од нив, 98% изјавиле дека се многу среќни и задоволни. Тие изјавиле дека тие уживале во духот на

тренингот, отвореноста, можноста да се сподели и да се дискутира како и можноста да се запознаат и други теренски / работници од првите редови од други организации и CSW

Повратни информации на методологијата употребувани од тренерите

Во однос на повратните информации од учесниците за тренинг пристапот и техниките на тренерите, мнозинството од нив 94% изјавија дека се многу задоволни од методологијата стдиите во случај на дискусии и просторот да се поделат искуства, користени од тренерите.

Повратни информации на занчајно учење.

Повеќето од учесниците одговориле дека специфичните случаи на студии биле корисни, особено дека се високо релевантни во ризични ситуации. Културната чувствителност, разбирањето на влијанието на егзилот врз децата и работата на агенциите на терен, беше една од најкорисните теми за учесниците. Интрактивните задачи, делумното искуство во групните дискусии и размената на искуства со колегите беа најчесто споменувани кога ба прашувани за корисноста на тренингот.



Исто така, проблемите и како да се справиме со стресни ситуации се значајни за учесниците. Во прилог на тоа беше изјавено дека обраќањето внимание на хуманитарните работници и синдромот на истоштеност се значајни бидејќи теренските работници се често запоставени додека ги помагаат бегалците.

Учесниците одговорија дека најнекорисна тема на тренингот е Стресот и синдромот на истоштеност,бидејќи тие веќе знаат многу за таа тема. Исто така темата што се однесува на културните разлики се препорачува да биде со повеќе детали, бидејќи ќе биде корисно за луѓето со помалку искуство. Имаше и предлози паузите да бидат пократки.

Предлози за равој на идните/понатамошни тренинг капацитети

Во одннос на темите искористени за време на тренингот, од учесниците беше побарано да ги рангираат темите според релевантноста и вредноста на секоја тема во ниваната секојдневна работа користејќи скала од 0 до 10. Сите теми, културната осетливост, влијанието да се биде бегалец врз децата, да се чува безбедноста и заштитата беа рангирани над 90 % во однос на значењето, корисноста и вредноста на нивната работа.

Во однос на препораките за активностите на градење на идни капацитети, било да е во контекстот на Србија или во друг контекст учесниците изјавија:

За да се продолжи со дискусијата на темите повеќе за правната и социјална рамка на Србија и колку таа рамка е соодветна во контекст на бегалците, што треба да биде променето.

Да се продолжи со мрежното работење и размената на искуство за организациите, и размена на релевантни информации и услуги.

Потребно е да се знае повеќе за психолошката прва помош и контактот со децата во случаи на траума, како да се стори тоа и како да се биде почувствителен на се направи тоа на побезболен начин.

Да се вклучат што е можно повеќе преведувачи, особено оние кои живеат во земји кои се погодени од војна, бидејќи тие најдобро го знаат јазикот и дијалектите (ова е повеќе од тренинготи е поврзано со обезбедување поддршка на бегалците).

Да се додадат повеќе случаи на студии од контекстот на работење со бегалците на случаите во Србија, ако тренингот продолжи да се пренесува на локалните теренски / работници од првите редови.

Да се дискутира повеќе за културните разлики, начинот на живот и правилата на однесување во тие земји да се биде во можност да се одговори на соодветен начин.

Да се вклучат повеќе примери со слики, видеа, документарни филмови во контекст на бегалците како и за многу теренски /работници во првите редови кои за прв пат се во контакт со бегалци.

Да се вклучи персонал од Комесаријатот за Бегалци и Црвениот Крст во Тренингот како клучни актери во обезбедувањето одговор и координација со другите агенции.

Да се организира тренинг на специфични теми како што се: половото насилство, непридружувани малолетници, траума и загуба, повторно обединување на семејството итн.

Севкупни коментари и размислувања

Тренингот беше одржан во многу пријатна атмосфера и ангажирањето од страна на учесниците беше забележан уште од првиот ден. Работниците од прбите редови покажаа отвореност, постоеше позитивна групна динамика на подреденост ежсекој ден, интеракција и безбедна средина за се овозможи отворено споделување. Беше очигледно дека постоеше силна потреба помеѓу учесниците да се соберат заедно, да дискутираат, да споделат искуства, размислувања, и да се прашаат еден со друг за нивните искуства. Интеракција со тренерите беше исто така многу позитивна и динамична. Пристапот за интерагенциска обука употребена во овој тренинг беше одбележана како практика која треба да продолжи во идните тренинзи бидејќи помага не само во градењето знаења туку исто така и во градењето практика и вештини помеѓу учесниците.

На крајот од првиот ден, беше организирана дебрифинг сесија со тимот на UNICEF Србија и повратните информации кои беа добиени се раскажуваат во следните денови.

Два локални тренери беа исто така ангажирани (од Факултетот за Социјална Работа и Министерството за Социјалното Здравје) првично како учесници но за време на тренингот во Бујановац тие беа ангажирани како фасилитатори исто така. Тие ќе продолжат да бидат ангажирани во планот на градење на капацитетите кој ќе биде развиен во заедничка соработка со УНИЦЕФ во Србија.

Тренинг извештај – БЈРМ (Еднодневен тренинг)

Обука на тренери од Кризата на Мигранти

од Источна Европа – одговор за заштита на

децата беше одржан на 22.12.2015

Имаше 15 учесници од разллични организации и двајца гости од UNICEF. Имаше 2 учесници од Црвениот Крст, 3 учесници од ЛаСтрада, 2 учесници од SOS селото, 2 учесници од MYLA, 2 учесници од UNHCR, 2 учесници од CSW Скопје, 1 учесник од CSW Гевгелија и еден учесник од

CSW Куманово

ЦЕЛ:

- Да се развие еден базен од лицата од локалните ресурси да се биде во можност да се поддржи улогата од еднодневната обука за заштита на децата бегалци низ сите агенции кои работат со тоа и за тоа, или во

  контакт со децата бегалци и фамилиите.

Курсот беше интерактивен и партиципативен, учесниците беа поделени во групи, и тие исполнуваа сесии со цел да се стекне пракса во користење на матријалите и олеснувањето на курсот. Тие работеа во групи со учесниците од различни организации и соработката беше многу добра и распределбата на сесиите беше успешна.

Некои цитати / рефлексии од обуката:

“Многу корисен тренинг, и потребно знаење како да се изврши тренингот

“Ми се допаднаа примерите и вежбите, ќе користам во својот тренинг повеќе примери од теренските работници и ќе обезбедам повеќе време за дискусии”

“Ми се допаднаа јасните инструкции и тоа како нашите колеги го претставуваа и управуваа за да постават це кратко и јасно и на време”.

“Ми се допадна тимската работа и презентациите”.

“потребна ни е поголема координација и кнтакти помеѓу луѓето од Табановце и Гевгелија со цел да се разменат секојдневните прмери и како тие работат на случаите. Сега ние можеме да го сториме тоа „

“Евидентно е дека со секоја нова вежба ние учиме многу”

Учесниците го сакаат најдоброто и тие ќе го искористат тоа во нивната работа:

- Совети и препораки за подобро и поуспешно олеснување :
- Знаењето и вештините стекнати овдека, тие ќе ги применат во својата работа
- Користење примери од теренската работа
- Тренинзи преку дискусии наместо предавање
- Коментарите добиени од учесниците после презентацијата соработка споделување искусва
- Визуелна презентација
- Штитење/ чување
- Случаи студии
- Пристап ранливост и ризик
- Заштита на децата
- Заедничка комуникација
- собирањето на учесниците од различни институции, организации е нешто многу важно и ќе влијае врз развојот соработката и координацијата..

Тие исто така кажаа дека во иднина ќе им треба дополнителен тренинг,особено при:

- Особени акции / теренска работа
- Заедничка обука на сите организации кои работат во областа
- обука за надградба на вештините и капацитетите на теренски работници
- Тренинг за справување со стресот
- Почеста свежа обука и ажурирање на знаење
- Интервјуирање на децата

Тренинг извештај – Хрватска (Тридневна обука одржана два пати)

Земја : Хрватска

Број на учесници : 31

Број на тренинг денови : 6

Датум и маеста е: Февруари 15-ти – 17 ти и Февруари 18ти - 20ти, Загреб Хрватска

Тренинг теми :

Културна осетливост

Заштита на децата во итни случаи

Работење заедно за да се подобри ефективната заштита на децата

Заштита на децата, заштита на самите нас

Тренери : Ди Џетва и Али Абабнех

Координатор на земјата : Марија Стојевич

Профили на организациите на учесниците/ институции :

Учествуваа вкупно 31 учесник од владини и невладини агенции: 4 од Националниот Директорат за заштита и спасување(DUZS) од

5 Центри за Социјално Здравје од различни региони, 1 од Министерсатвото за социјална политика и Млади, 4 од канцеларијата на UNICEF од Хрватска, 14 од Хрватскиот Црвен Крст и 3 гости од различни агенции во Словенија (Словенија Нет-кон за UNICEF, Словенска Филантрофија и Управата за Цивилна заштита од елементарни непогоди / катастрофи).

Учесниците беа поделени на две групи, обезбедување избалансирано претставување на секоја агенција о двете групи. Првата група сочинета од 17 учесници, според само-проценката, беше релативно помалку искусна во работењето со бегалци и остварување на тренингот отколку втората група, кој ја сочинуваа 14 учесници.

Повратна информација за корисноста на сесиите

Базирано на анализите од формуларите за евалуација, поголемото мнозинство од учесници (90%) ја сметат свесноста за тренинг Фондацијата многу или екстремно корисна (види табела 1)

Табела 1. Тренинг фондацијата беше корисна за мене.

97% од учесниците одговорија на ова прашање.

Од сите испитаници, 43% од учесниците потврдија дека свесноста за тренинг фондацијата била екстремно корисна за нив 47% го сметаат тренингот за доста корисен 10% од вкупните испитаници рекле дека тој не бил корисен за нив

Повратни информации од користење на темите /пристапи за идни тренинзи

Кога беа запрашани дали тие планираат да ги користат темите и пристапите добиени во текот на тренингот, во нивните идни тренинзи, учесниците беа нешто помалку убедени (видете во табела 2)

Табела 2. Ќе ги користам овие теми / пристапи во тренинзите што ќе ги одржиме во иднина.



97% од учесниците одговорија на ова прашање. Од сите испрашаници, 40%искажаа планови секогаш да ги користат темите и пристапите во идните тренинзи кои ќе ги одржат; 40 % планираат да ги користат темите и пристапите често и 20 % планираат да ги користат понекогаш.

Повратни информации – мислења и придонеси од учесниците

Кога беа запрашани дали било побарано нивното мислење за време на тренинзите и дали биле слободни да допринесат со свои идеи, најголемото мнозинство од учесниците (90%) одговориле секогаш (видете во табела 3)

Табела 3. бев запрашан за моето мислење и бев слободен да допринесам секогаш кога имав нешто да кажам.

97% од учесниците одговориле на ова прашање.

Од сите испитаници, 90 % се изјасниле дека те секогаш билепрашувани за нивното мислење и се чувствувале слободни да допринесат, и 10 % рекле дека тоа се случувало често.

Ова исто така беше разгледувано на тренингот двете групи беа многу активно ангажирани во тренингот, допринесувале на дискусиите, биле прашувани релевантни прашања.

Повратни информации за разбирањето на темите

Врз основа на анализите од евалуациските формулари, најголемото мнозинство од учесниците (99%) ги разбрале тренинг темите добро или многу добро (видете во табела 4).

Табела 4. Проценка на разбирање на истражуваните теми

97% од учесниците одговорија на ова прашање. Од сите испитаници, 63% изјавија дека ги разбрале темите од тренингот многу добро; 33% ги разбрале темите добро и само 0,3 % рекле дека ги разбрале некако темите

На почетокот од секој тренинг учесниците беа поканети да се оценуваат во четири клучни области опфатени со тренингот: Заштита на децата во итни случаи, технички знаења, основни обуки и вештини за олесување, ниво на доверба при пренесувањето на CPE тренинг, и ниво на знаења за работа со бегалци.

Сликите подолу ги покажуваат проценките пред(црвени линии) и после(зелени линии) тренингот за двете групи, и го илустрираат зголемувањето на нивото на учење и доверба.

Научени лекции

Учесниците беа замолени да ги запишат сите важни лекции научени за време на тренингот на отворени прашања. Анлизите на содржината покажа дека повеќето учесници изјавија дека тренинг вештините, методите и специфичните совети на давање на повратни информации, презентација итн. беше важна лекција, како и значењето на подобрување на интерагенциската соработка, знаењето на заштита на децата ви итни случаи, заштита на децата итн. детална листа на преглед е на располагање во табела 5.

Табела 5. Кои се трите најважни лекции научени од овој тренинг- фрекфенции на најчести одговори



На крајот од предавањета учесниците беа замолени да се вратат во нивните мали групи и да ги идентификуваат клучните знаења, минувајќи низ овој процес. учесниците ги споделија следните клучни точки од учењето:

Протоколите се важни, тие овозможуваат рамка за дејствување.

Семејната грижа е секогаш најдобро решение за грижата за децата.

Понекогаш најдобрите намери можа да имаат негативни последици за детето.

Искуството од теренското работење е важно за да се одржи тренингот

Бидете подготвени за неочекувани ситуации за време на тренингот

Временското управување е значајно.

Прилагодете ги материјалите за грубите но суштината на иститте

Вклучете примери од праксата

Подготовка, подготовка, подготовка !

Знајте ја вашата таргет/ целна група.

Користете мешана тренинг методологија.

Бидете подготвени за техничка опрема, не користете премногу уреди

Олеснете ја дискусијата така што секој да може да учествува.

Ротирајте ги повратните информации кога времето е кратко така што секој група да води една тема.

Учесниците беа поканети да споделат една тема за нивното искуство од тренингот на крајот од секој курс. Некои примери:

Јас сум многу задоволен

Повеќето од темите беа мошне интересни

Многу добар настан

Среќен сум што моите претпоставени ме предложија за волонтер.

Чувство на исполнетост

Задоволни што запозаваме нови луѓе и размена на искуства

Слушнав се што јас веќе го знам

Прекрасно чувство, среќни со искуствата

Одлично чувство се беше интересно

Не премногу општо, тоа е ново за мене

Добро чувство среќни со денот

Јас научив многу

Помалку уморен, среќен што дојдов

Повратни информации за текот на управувањето

Учесниците беа повеќето многу задоволни со текот на управувањето, простории и логистичка поддршка. 97% од учесниците го рангираа текот на управувањето, и од сите испитаници 80 % го рангираа како одлично и 20% како многу добро. Види табела 6.

Табела 6. Текот на управувањето ,просториите и логистичката подршка беа

Коментари и прадлози за подобрување

Во отворените прашања, учесниците дадоа повратни информации за тоа кои биле нивните помалку добри и омилени делови, како и тоа што може да биде сторено да се подобри обуката. Глобалната сатисфакција на учесниците беше висока. Најценети делови од обуката беа можноста да се подготви и одржи обуката, додека се добиваат многу практични информации и практични совети. Некои од учесниците изјавиле дека тие уживале работејќи во мали групи, добивање повратни информации од нивните врсници и минување низ интересни вежби и релевантни студии на случајот. Тие беа многу задоволни од тренинг олеснувачите, како и со динамичноста на групата, и посебно задоволни што се во можност да се поврзаат колегите и лугето од другите агенции.

Некои од учесниците изјавила дека обуката е премногу општа за експертите со знаење и искуство за заштита на децата во итни случаи, и дека основната обука треба да вклучува поспецифични, напредни знаења и примери на работа со деца бегалци. Исто така тие изјавија дека тренинг материјалот треба да биде поприлагоден на различните групи учесници. Некои од коментарите беа за времето – времето на подготовка за одржување на тренингот беше многу кратко за да се подготват добро за презентацијата и дека распоредот / планот беше многу стеснет.

Центар за заштита на децата е регионална иницијатива што го промовира континуирано подобрување на практиките и политиките во Југоисточна Европа за заштита на децата преку партиципативен пристап и заедницата на практики. Ние ја зголемуваме регионалната соработка преку интеракција и размена на идеи и офлајн и онлајн, особено преку нашата веб платформа, childhub.org.

Нашата мисија е подобро да им овозможат на професионалците, академиците, и креаторите на политиката во заштитата на децата со добри практики и нови технологии, така што може да влијаат на животот на децата и семејствата во Југоисточна Европа.

Центарот за заштита на децата работи/функционира во следниве **земји**: Босна и Херцеговина (Спасете ги децата Северо-Западен Балкан), Бугарија (Ноу нау центар за алтернативно згрижување на деца), Хрватска (Храбар телефон), Србија (Центар за младинска интеграција), Албанија, Унгарија, Косово, Молдавија и Романија (Terre des Hommes). На childhub.org интерактивна платформа работи на **6 јазици** (англиски, албански, бугарски, унгарски, романски и српско-хрватски-босански) се среќаваат **1.500 професионалци** за заштита на децата од Европа и пошироко.

ПРИДОБИВКИ:

УЧЕТЕ И ИСТРАЖУВАЈТЕ: добијте пристап до дневните вести и онлајн библиотека на 2000 + публикации, инфографики, видеа, вебинари, ресурси за тренери и многу материјали за самостојно учење

Поврзете се со колегите: Зачленете се во Директориумот на нашите консултанти да го промовирате вашето искуство, најдете настани, разговараат за случаи со експерти и форуми користат за да разговарате со колегите.

ДОЗНАЈТЕ ПОВЕЌЕ: Прашајте кој било професионалец за некое прашање да добие информации во рок од 48 часа или барање совети за застапување. Преглед на слободните работни места кои ги собираме од регионот.

Ве покануваме да се поврзете со нас, да станете член, да учествувате, да споделуватеи да научите да се направи оваа заедница на пракса уште посилна и повлијателна **за најдобра заштита на децата**.

CHILD PROTECTION HUB
FOR SOUTH EAST EUROPE
WWW.CHILDHUB.ORG